Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51


# СЛУЖБ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

**Петок, 16 мај 1980**

**БЕЛГРАД**

**БРОЈ 26 ГОД. XXXVI**

Цена на овој број е 36 динари. — Претплатата за 1980 година изнесува 800 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756


**424.**

Врз основа на член 315 точка 10 од Уставот на СФРЈ, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата од 12 мај 1980 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Во Деловникот за работа на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр 12/75, 33/77 и 8/79) се менува и дополнува:

1) Насловот на одделот VII кој гласи:

„VII претседател и потпретседател на Претседателството.

2) Членот 65 кој гласи:

Претседателството од своите редови бира претседател и потпретседател на Претседателството.

Претседателот и потпретседателот на Претседателството ги вршат своите права и должности во согласност со одредбите од овој деловник.

3) Членот 66 кој гласи:

„Функцијата претседател на Претседателството ја вршат, за период од една година, членовите на Претседателството според следниот редослед на републиките и автономните покраини во кои се бирани, и тоа: Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Словенија, Социјалистичка Република Србија, Социјалистичка Република Хрватска, Социјалистичка Република Црна Гора, Социјалистичка Автономна Покраина Војводина, и Социјалистичка Автономна Покраина Косово, со тоа што за претседател на Претседателството, чиј мандат тече почнувајќи од 15 мај 1980 година, се бира член на Претседателството од Социјалистичка Република Босна и Херцеговина.

По истиот редослед на социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини се бира потпретседател на Претседателството, со тоа што за потпретседател на Претседателството, чиј мандат тече почнувајќи од 15 мај 1980 година, се бира член на Пртседателството од Социјалистичка Република Словенија."

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. О-10
12 мај 1980 година
Белград

**Претседателство
на Социјалистичка Федеративна Република
Југославија**

Претседател,
**Лазар Колишевски, с. р.**

**425.**

Врз основа на член 338 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

### УРЕДБА

### ЗА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И ВО СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

#### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба се уредуваат прашањата на стручното образование на работниците што се од заеднички интерес за сојузните органи на управата и за сојузните организации (во натамошниот текст: сојузни органи на управата).

Член 2

Сојузните органи на управата, во согласност со своите потреби и можности, ја организираат работата врз стручното образование и идеолошко-политичкото оспособување на работниците на кои им се обезбедуваат:

1) постојано и организирано подигање на нивото на стручната и идеолошко-политичката оспособеност на работниците за посестрано пројавување на нивните иницијативи и активности и за нивно поттикнување на подигање на квалитетот на работата и стручната оспособеност, за успешно применување на современите научни и стручни достигања во извршувањето на задачите и работите со чие вршење се остварува улогата на сојузните органи на управата, како и со закон утврдените обврски и одговорности на тие органи и работници, а особено за јакнење на одговорноста на работниците за стручната заснованост на нивните предлози и стручни мислења и за пројавување на нивните стручни способности;

2) организирана стручна обука на приправниците и проверување на нивната стручна оспособеност;

3) програмирање и планирање на обемот и видовите образовни активности во сојузните органи на управата и планирање и навремено обезбедување на финансиски средства и на материјални, технички, стручни и други услови со кои се обезбедува успешно остварување на правата и обврските на работниците во поглед на стручното оспособување и усовршување во текот на работата.

Член 3

Во согласност со програмата за стручно образование, сојузниот орган на управата е должен да утврди програми за стручна обука на приправници и посебни програми за проверување на стручната оспособеност и стручното оспособување на работ-

ниците на кои им се потребни дополнителни знаења за успешно вршење на определени задачи и работи, како и програма за стручно усовршување на работниците во текот на работите.

Член 4

Стручното образование на работниците во сојузниот орган на управата се финансира од средствата за работа на органот и од средствата за заедничка потрошувачка на работната заедница, во согласност со закон и со општествен договор.

Член 5

Заради преземање на заеднички организациони и други мерки и акции во областа на стручното образование на работниците, сојузните органи на управата меѓусебно разменуваат искуства и остваруваат други видови меѓусебна соработка, како и соработка со стручните организации кои се занимаваат со образование на кадри.

Член 6

Како стручно образование, во смисла на оваа уредба, се подразбира систематско стручно оспособување на приправниците и работниците и стручно усовршување на работниците во сојузните органи на управата за успешно извршување на задачите и работите од делокругот на тие органи, како и за организирано идеолошко-политичко оспособување на приправниците и работниците во тие органи.

## II. СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 7

Како стручно оспособување на работниците во сојузните органи на управата, во смисла на оваа уредба, се подразбира стручна обука на приправниците, полагање стручен испит и дополнително стручно оспособување на работниците кои заснова ле работен однос во сојузните органи на управата.

### 1. Стручна обука на приправници

Член 8

За време на приправничкиот стаж приправникот се наоѓа на стручна (практична) обука.

Стручната обука на приправникот се спроведува според утврдена програма.

Програмата за стручна обука на приправникот за стручно оспособување за вршење на соодветни задачи и работи ја определува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата во кој е вработен приправникот.

Делот од програмата за стручна обука на приправникот за стручно оспособување за вршење на соодветни задачи и работи го определува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата во кој е вработен приправникот.

Делот од програмата за стручна обука што се врши во друг орган или организација се составува во спогодба со функционерот кој раководи со тој орган, односно организација.

Член 9

Со програмата за стручна обука на приправниците се утврдуваат особено времето на траењето на таа обука, задачите и работите за чие вршење приправникот стручно се оспособува во текот на приправничкиот стаж, степенот на стручната обученост што треба да се оствари во текот на приправничкиот стаж, начинот и динамиката на остварување на стручната обука на приправникот и лицата задолжени за спроведување на стручната обука и за вршење надзор над обуката, како и правата и должностите на приправниците во врска со стручната обука.

Член 10

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата во кој се изведува стручна обука на приправникот е должен на приправникот да му овозможи за време на обуката да се запознае со сите задачи и работи според програмата за стручна обука.

Функционерот од став 1 на овој член е должен да овозможи приправникот, пред почетокот на изведувањето на стручната обука, да се запознае со одредбите на оваа уредба, со одредбите на правилникот за стручната подготовка и за стручното образование на работници што тој го донесува и со програмата за стручна обука, како и со програмата за стручникот испит што приправникот треба да го полага.

Член 11

На приправникот, во согласност со програмата за стручна обука, можат да му се даваат во работа определени задачи и работи за кои тој се подготвува. Таквата работа се смета како дел на стручната обука и се врши под надзор.

На приправникот не може да му се доверува вршење на овластување, како ни задачи и работи на раководење, ни заменување на работници што ги вршат тие задачи и работи.

Член 12

Ако стручната обука не се изведува според утврдената програма или се постапува спротивно на одредбите од оваа уредба за стручна обука, приправникот е должен за тоа да се обрати до функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата во кој е вработен приправникот.

Член 13

За време на стручната обука приправникот води дневник.

### 2. Стручен испит

Член 14

По завршената стручна обука приправникот полага стручен испит.

Член 15

Приправникот полага стручен испит според програмата и на начин со кој се овозможува проверка на неговата оспособеност за самостојна практична работа на извршување на задачите и работите за кои се прима на работа.

Програмата за стручниот испит што го полага приправникот се состои од општ и посебен дел.

Член 16

Градивото за програмата од општиот дел на стручниот испит содржи материја која мораат да ја познаваат сите работници на сојузните органи на управата кои имаат ист степен на школска подготовка.

Градивото за програмата од општиот дел на стручниот испит опфаќа особено:

1) основи на уставното уредување на СФРЈ и правци на развојот на политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување;

2) основи на системот на државната управа во СФРЈ;

3) работните односи на работниците во државната управа, со посебен осврт на работните односи на работниците во сојузните органи на управата;

4) управна постапка и управен спор;

5) канцелариско работење во сојузните органи на управата.

Член 17

Градивото за програмата од посебниот дел на стручниот испит содржи материја чие познавање е неопходно за успешно вршење на соодветните задачи и работи на сојузниот орган на управата.

Градивото за програмата од посебниот дел на стручниот испит опфаќа особено прописи за организацијата и работата и за систематизацијата на задачите и работите на сојузниот орган на управата во кој приправникот е вработен, како и градиво, односно прописи што се применуваат во вршењето на задачите и работите за кои се бара соодветна подготовка.

Член 18

Програмата од општиот дел на стручниот испит ја пропишува сојузниот секретар за правосудство и организација на сојузната управа, а програмата од посебниот дел на стручниот испит ја утврдува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата во кој приправникот е вработен, по прибавено мислење од функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работите на организацијата на сојузната управа.

Сојузниот секретар за правосудство и организација на сојузната управа ја пропишува и програмата на посебниот дел на стручниот испит за приправници и работници кои вршат финансиско-материјални работи, персонални работи, работи на автоматска обработка на податоци, канцелариски и канцелариско-технички и други општи работи, како и програмата на посебниот дел на стручниот испит за вршење на работи на преписи, стенографирање и преведување.

Член 19

Приправникот полага стручен испит пред испитна комисија за стручен испит на приправници (во натамошниот текст: испитна комисија).

Испитната комисија ја формира функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата во кој е вработен приправникот.

Ако не постојат услови во определен сојузен орган на управата да се формира испитна комисија и ако во таков случај целта на стручниот испит не може да се постигне со упатување на приправникот на полагање на испит пред испитна комисија формирана кај друг сојузен орган на управата, испитна комисија формира, на предлог од функционерот кој раководи со органот на управата во кој приправникот е вработен, сојузниот секретар за правосудство и организација на сојузната управа.

Член 20

Пред испитните комисии што ги формира сојузниот секретар за правосудство и организација на сојузната управа, стручен испит полагаат приправниците и работниците за вршење на финансиско-материјални работи, персонални работи, работи на автоматска обработка на податоци, канцелариски и канцелариско-технички и други општи работи, како и работи на преписи, стенографирање и преведување.

### 3. Полагање на стручен испит

Член 21

Пријава за полагање на стручен испит приправникот може да поднесе најдоцна еден месец пред денот на истекот на приправничкиот стаж.

На приправникот кој, пред да го положи стручниот испит, ќе премине во сојузен орган на управата од друг орган или самоуправна организација, односно заедница, времето на приправничкиот стаж што го поминал во другиот орган или самоуправна организација, односно заедница може да му се признае во приправнички стаж во сојузниот орган на управата во кој преминува, под условите и на начинот што се предвидени со прописот за стручната подготовка и за стручното образование на работниците, што го донесува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата во кој приправникот преминува.

За признавање на стажот според одредбата на став 2 од овој член, одлука донесува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата во кој приправникот е вработен.

Писмена пријава за полагање на стручниот испит кандидатот поднесува до сојузниот орган на управата во кој е вработен, а тој орган ја доставува до органот кај кого е формирана испитната комисија.

Член 22

Сојузниот орган на управата кај кого е формирана испитната комисија му одобрува полагање на испитот на пријавениот кандидат, ако утврди дека ги исполнува пропишаните услови за полагање на испитот.

Кандидатот на кого му е одобрено полагање на стручниот испит мора да биде известен за денот на полагањето на испитот најдоцна на 15 дена пред денот определен за полагање.

Кандидатот на кого не му е одобрено полагање на стручниот испит може, против актот со кој е одбиена неговата пријава, односно барање, во рок од осум дена од денот на доставувањето на тој акт да изјави жалба до Сојузниот извршен совет, односно до телото што тој ќе го определи.

Член 23

Испитната комисија се состои од претседател и четири члена, кои истовремено се и испитувачи. Во случај на потреба испитната комисија може да се пополни со потребен број испитувачи за определен дел на испитното градиво.

Со решението за именување членовите на испитната комисија се определува ист број на заменици и записничар.

Претседателот, членовите на испитната комисија и нивните заменици, како и испитувачите, се определуваат од редот на истакнати стручњаци.

За член на испитната комисија не може да се именува лице кое има пониска подготовка од подготовката на кандидатот кој го полага испитот.

Решението за именување на претседателот и на членовите на испитната комисија, како и на записничар го донесува, на предлог од функционерот кој раководи со сојузниот орган кај кого е формирана таа комисија, функционерот кој со оваа уредба е овластен за формирање на соодветната испитна комисија.

Член 24

За текот на испитот се води записник.

Член 25

Сојузниот орган на управата кај кого е формирана испитната комисија обезбедува вршење на стручните, административните и на други задачи и работи во врска со стручниот испит.

На претседателот и на членовите на испитната комисија, на испитувачите и на записничарот им припаѓа надомест за работата во комисијата.

Надоместот на претседателот и на членовите на испитната комисија, на испитувачите и на записничарот паѓа на товар на средствата на сојузниот орган на управата во кој работи кандидатот кој го полага стручниот испит.

Височината на надоместот од став 2 на овој член ја утврдува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата кај кого е формирана испитната комисија.

Рамките за определување на височината на надоместот од став 2 на овој член ги утврдува сојузниот секретар за правосудство и организација на сојузната управа.

Член 26

Стручниот испит се полага писмено и усно.

За писмениот испит задачата ја составува член на испитната комисија, односно испитувач што ќе го определи таа комисија. Задачата може да опфати едно или повеќе прашања, по правило од градивото пропишано во испитната програма што најмногу одговара на практиката на сојузниот орган на управата во кој е вработен приправникот.

Писмената задача треба да се состави така што од нејзината обработка да може да се види во која мера кандидатот ги совладал прописите и другите знаења потребни за вршење на задачите и работите за кои се подготвува.

Член 27

На усниот испит се пристапува по писмената задача, односно по практичната работа. Кандидатот чија писмена задача не е позитивно оценета не може да пристапи на усен испит.

На усниот испит кандидатот се испитува од целото пропишано испитно градиво. Испитувањето се врши, по правило, во текот на еден ден.

Начинот на усното испитување го утврдува испитната комисија, водејќи посебно сметка за практичната природа на испитот.

Член 28

Оценувањето се врши комисиски.

Испитната комисија го оценува целокупниот успех на кандидатот на испитот, имајќи ги предвид писмената задача и одговорите на усниот испит.

Успехот на кандидатот на испитот се оценува со оцена „положил“ или „не положил“.

Со оцена „не положил“ се оценува кандидатот кој не задоволил од најмалку два предмета.

Оцената се дава со мнозинство на гласови.

Член 29

Стручниот испит кандидатот може да го повтори еднаш.

Времето помеѓу едно и друго полагање на стручниот испит не може да биде пократко од три месеци.

Кандидатот кој не е позитивно оценат од еден или два предмета на усниот дел на испитот се упатува на поправен испит. Поправниот испит кандидатот може да го полага во рокот што ќе го определи испитната комисија, зависно од знаењето на кандидатот, а кој не може да биде покус од 30 дена ниту подолг од три месеци.

Ако полага поправен испит од предмет кој се полага и писмено, кандидатот е должен да го полага и писмениот дел на испитот.

Член 30

Ако кандидатот од неоправдани причини не пристапи определниот ден на полагање на поправниот испит, ќе се смета дека не го положил стручниот испит.

Ќе се смета дека стручниот испит не го положил ниту кандидатот што нема да предаде писмена работа или неоправдано се откаже од започнатото полагање на усниот дел на стручниот испит.

Ако кандидатот не пристапи на полагање на стручниот испит или пред почетокот на полагањето изјави дека се откажува од испитот, ќе се смета дека испитот не го полагал.

Член 31

Започнатото полагање на испитот може да се одложи, ако кандидатот поради болест или други оправдани причини бил спречен да го продолжи полагањето на испитот.

За одлагањето на испитот одлучува испитната комисија.

Член 32

Кандидатот може да го продолжи полагањето на испитот најдоцна во рок од три месеци од денот на донесувањето на одлуката за одлагање на испитот. Во оправдани случаи испитната комисија може тој рок да го продолжи најмногу уште за три месеци.

Ако кандидатот не пристапи на полагање на стручниот испит во рокот од став 1 на овој член, ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 33

Врз основа на записникот за текот на испитот, на кандидатот му се издава уверение дека испитот го положил.

Уверението го издава испитната комисија, а го потпишува претседателот на комисијата.

Член 34

Приправникот е должен да го положи стручниот испит најдоцна во рок од шест месеци од денот на истекот на приправничкиот стаж.

Член 35

Работникот кој засновал работен однос во сојузен орган на управата при услов да положи стручен испит или дополнителен испит, должен е тој испит да го положи во рок кој не може да биде подолг од една година од денот на заснованието на работниот однос во тој орган.

Член 36

Работник во сојузен орган на управата кој по положениот стручен испит стекнал повисок степен на школска подготовка од степенот на школската подготовка за кој положил стручен испит, должен е, ако се распореди на задачи и работи чие вршење бара повисок степен на школска подготовка, да полага дополнителен испит од она градиво на стручниот испит предвидено за степенот на школската подготовка што дополнително го стекнал, кое не го содржи градивото на стручниот испит што го положил.

Работникот кој го положил стручниот испит за определен вид задачи и работи во сојузниот орган на управата, а преминува во друг сојузен орган на управата, должен е да полага дополнителен испит само ако пропишаното градиво на дополнителниот испит е услов за вршење на задачите и работите во органот во кој преминува.

Работник кој преминува во сојузен орган на управата од друг орган или самоуправна организација, односно самоуправна заедница, а го положил стручниот испит во органот, организацијата или заедницата од која преминува, должен е да полага дополнителен испит ако пропишаното градиво не било опфатено со испитот што го положил.

Член 37

Работник што одбранил магистерски или докторски труд од областа на задачите и работите за кои е примен на работа во сојузен орган на управата или положил правосуден испит, не е должен да полага стручен испит, односно дополнителен испит.

Стручен испит, односно дополнителен испит не е должен да полага ниту работникот кој наполнил 15 години работен стаж на соодветни задачи и работи.

Работник во сојузниот орган на управата кој не положил стручен испит, односно дополнителен испит, а кој наполнил најмалку 10 години работен стаж, може по исклучок да се ослободи од обврската за полагање на стручен испит, односно дополнителен испит, ако со својата работа ја докаже стручната оспособеност за вршење на задачите и работите што му се доверени.

Решението за ослободување од обврската за полагање на стручен испит, односно дополнителен испит, според одредбите на ст. 1 до 3 на овој член, го донесува функционерот што раководи со сојузниот орган на управата во кој е вработен работникот. Решението во случајот од став 3 на овој член овој функционер го донесува по прибавено мислење од соодветната испитна комисија.

Одредбите на ст. 1 до 4 на овој член не се применуваат на случаите во кои со посебни прописи положениот стручен односно дополнителен испит е утврден како посебен услов за вршење на определени задачи и работи во сојузниот орган на управата.

**4. Дополнително стручно оспособување на работниците**

Член 38

Работниците во сојузните органи на управата се упатуваат на дополнително стручно оспособување, кога тоа е од интерес за успешно извршување на определени задачи и работи на органите, а особено во случај на позначајни измени на прописите, како и на други околности што бараат битно поинаков начин на работа или кога природата на задачите и работите бара постојано обновување на знаењата на работниците

Дополнителното оспособување од став 1 на овој член се остварува со организирање на предавања и практична работа, односно практична обука, курсеви и други вонучилишни форми и методи на стручно оспособување, или со упатување на работниците на тие прдавања, работа, односно обука, курсеви и други видови стручно оспособување.

Член 39

На организирањето на формите и методите на дополнителното стручно оспособување на работниците, односно на упатувањето на работниците на тие видови оспособувања, по правило, им претходи проверување на стручното знаење на работниците при приемот на работа и во текот на работата.

Целта на проверувањето на стручното знаење од став 1 на овој член е да се утврди степенот на оспособеноста, односно на практичната обученост на работниците за вршење на определени задачи и работи и да се определат такви форми, односно методи на дополнително стручно оспособување со чие применување во најголема мера можат да се остварат целите на оспособувањето, како и заради утврдување на градивото за програмата на дополнително стручно оспособување.

Проверување на стручното знаење на работник може да се определи и при прием на работник во работен однос за вршење на определени задачи и работи на сојузниот орган на управата за кои е пропишана обврска за полагање на стручен испит. Тоа проверување е од значење при одлучувањето за прием на работникот, во работен однос но нема влијание врз обврската за полагање стручен испит.

Член 40

Дополнителното стручно оспособување на работниците во сојузните органи на управата се обезбедува и со дошколување на работниците, односно со нивно упатување на вонредно школување во училишта и во други организации за стручно образование.

Член 41

За организирањето на дополнително стручно оспособување на работниците во случаите од член 38 на оваа уредба, односно за упатувањето на тоа оспособување на работниците и за проверувањето на стручното знаење на работниците одлучува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата во кој тие работници се вработени, односно во кој тие се примаат на работа, по прибавено мислење од работната заедница.

За упатувањето на работниците на дошколување заради стекнување повисок степен на школска подготовка, кога тоа дошколување е од непосредно значење за успешно извршување на задачите и работите на сојузниот орган на управата, одлучува функционерот кој раководи со тој орган, по прибавено мислење од работната заедница.

Член 42

Трошоците за организирање на дополнително стручно оспособување на работниците, односно за нивно упатување на тоа оспособување (чл. 38 до 40) паѓаат на товар на средствата за посебни намени на сојузниот орган на управата.

Член 43

Ако работната заедница на сојузниот орган на управата, согласно со самоуправниот општ акт што таа го донесува, одлучи на товар на доходот што го остварува да го поднесува делот од трошоците на вонредното школување на работникот, кога таквото дошколување е од непосреден интерес за работникот, а не е на штета на извршувањето на задачите и работите на сојузниот орган на управата, работната заедница ја донесува таа одлука по претходно прибавено мислење од функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата во кој е вработен работникот.

## III. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 44

Стручното усовршување на работниците во сојузните органи на управата се остварува со применување на определени форми и методи на систематско обновување, надополнување, проширување и продлабочување на стручните знаења на работниците и со развивање на нивните стручни способности во текот на работата.

Целта на стручното усовршување на работниците во сојузните органи на управата е со организирање и применување на определени форми и методи на усовршување да се обезбеди систематско обновување, надополнување, проширување и продлабочување на стручните знаења на работниците и развивање на нивните стручни способности во текот на работата, заради поквалитетно и поуспешно извршување на задачите и работите на органите.

Работната заедница на сојузниот орган на управата и функционерот кој раководи со тој орган се грижат за стручното усовршување на работниците и обезбедуваат услови за тоа усовршување.

Член 45

Стручно усовршување на работниците во сојузните органи на управата се обезбедува особено:

1) со следење и проучување, од страна на работниците, на прописи, стручни публикации, елаборати и други материјали што се однесуваат на прашања на системот и други поважни прашања од делокругот на сојузниот орган на управата и со следење и проучување на други позначајни прашања од интерес за работата на органот, како што е применување на нови методи и средства за работа кои придонесуваат за унапредување на работата на органот;

2) со повремени одржувања на стручни дискусии и состаноци на работниците во сојузниот орган на управата, особено по повод писмени и усни реферати на одделни работници за прашања што треба да се претресуваат на тие состаноци;

3) со упатување на работници на сојузниот орган на управата кога тоа е потребно заради нивно стручно усовршување што е од непосреден интерес за извршување на задачите и работите на органот, на посетување на стручни предавања, кратки курсеви и семинари, на курсеви на странски јазици и на јазиците на народите и народностите на Југославија, на студиски патувања и на учество во работата на конгреси, советувања и други научни и стручни собири во земјата и во странство;

4) со упатување на работници на сојузниот орган на управата на стручно усовршување (специјализација, проучување на определени прашања и др.) преку дополнителни студии или практична работа во други органи, факултети, институти, заводи и други научни и стручни институции во земјата и во странство, ако за вршење на определени задачи и работи во сојузниот орган на управата се потребни специјални знаења или усовршувања што не можат да се стекнат, односно да се постигнат со редовна работа во органот;

5) со посетување, од страна на одделни работници на сојузниот орган на управата, на последипломски студии на факултет заради стекнување на степен магистер или доктор на науки, ако магистратурата, односно докторатот е од областа на задачите и работите на органот;

6) со посетување на курсеви на странски јазици и на јазиците на народите и народностите на Југославија.

Член 46

Одлука за упатување на работник на сојузниот орган на управата на стручно усовршување, според одредбата од член 45 точка 3 на оваа уредба, донесува функционерот кој раководи со тој орган.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата може на работникот, на негово барање, да му одобри посетување на стручни предавања, курсеви и семинари, заминување на студиско патување и учество во работата на конгреси, советувања и други научни и стручни собири во земјата и во странство кои не се од непосреден интерес за извршување на задачите и работите на органот, ако со тие форми се придонесува за стручно усовршување на работникот од областа на дејноста на органот и ако тоа не е на штета на извршувањето на задачите на органот и неспоиво со положбата и должностите на тој работник.

Средства за стручно усовршување на работниците, во случајот од став 1 на овој член, се обезбедуваат во рамките на средствата за работа на сојузниот орган на управата.

Ако со самоуправен општ акт на работната заедница на сојузниот орган на управата е предвидено работната заедница да може, по повод барањето на работникот, да одлучи од средствата на доходот што таа го остварува да исплати дел од трошоците за стручно усовршување на работникот во случајот од став 2 на овој член, и ако за тоа усовршување работникот прибавил одобрение од функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата, работната заедница, пред одлучувањето по повод таквото барање на работникот, за тоа ќе побара мислење, од функционерот кој раководи со тој орган.

Член 47

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата ѝ дава мислење на работната заедница за барањето што работникот во сојузниот орган на управата го поднел до работната заедница за да биде упатен на стручно усовршување, во случајот од член 45 точка 4 на оваа уредба, ако со самоуправен општ акт на работната заедница е предвидено дека одлука за упатување на такво стручно усовршување донесува работната заедница и дека од доходот што го остварува обезбедува за плаќање на трошоците за усовршување или на дел од тие трошоци, под услов тие трошоци или дел од тие трошоци да не ги поднесува сојузниот орган на управата во кој е вработен работникот или друг орган, односно организација.

За упатување на стручно усовршување, според одредбата на став 1 од овој член, со работникот се склучува договор. Договорот го потпишува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата.

Член 48

Ако работната заедница на сојузниот орган на управата, согласно со својот самоуправен општ акт, одлучи од доходот што таа го остварува да исплати дел од трошоците за школување на работникот во тој орган кој посетува последипломски студии на факултет заради стекнување на академски степен магистер или степен доктор на науки, под услов магистратурата, односно докторатот да е од областа на дејноста на органот, одлука за тоа донесува по претходно прибавено мислење од функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата во кој работникот е вработен.

IV. ПРОГРАМА ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 49

Стручното оспособување на приправниците и работниците и стручното усовршување на работниците во сојузните органи на управата се организираат и спроведуваат врз основа на програмата за стручно образование на работниците.

Тргнувајќи од природата и значењето на задачите и работите на сојузниот орган на управата предвидени со актот за систематизација и од потребите за правилно, потполно и ефикасно вршење на тие задачи и работи и од обезбедувањето на идеолошко-политичка оспособеност на работниците што треба да ги вршат тие задачи и работи, како и од состојбата на стручната оспособеност на работниците во органот, со програмата за стручно образование на работниците на органот се утврдуваат мерките што во периодот утврден со програмата сојузниот орган на управата ќе ги презема за систематска стручна обука на приправниците и за полагање на стручен испит на приправниците и стручен и дополнителен испит на определени работници, за дополнително стручно оспособување на работниците во текот на работата и за проверување на нивната стручна оспособеност и за стручно усовршување на работниците.

Со програмата за стручно образование на работниците за соодветни категории работници се предвидуваат формите и методите на нивното стручно оспособување и усовршување и целите што во тој поглед треба да се остварат, начинот на организирање

и спроведување на одделни видови стручно образование и времето на траењето на образованието и материјалните и други средства што треба да се обезбедат за секој одделен вид образование, како и лицата кои непосредно ќе извршуваат определени делови од програмата и нивната одговорност за остварување на програмата.

Член 50

Програма за стручно образование на работниците во сојузниот орган на управата се донесува за секоја година.

Програма за стручно образование на работниците може да се донесе и за подолг период.

## V. ДРУГИ ОДРЕДБИ

Член 51

Со прописите за стручната подготовка и стручното образование на работниците кои, во согласност со законот и со оваа уредба, ги донесува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата особено се утврдуваат:

1) задачите и работите на сојузниот орган на управата за кои постои приправнички стаж, односно задачите и работите за чие вршење може да се стекне практика потребна за полагање на стручен испит;

2) програмата за стручна обука на приправниците за време на приправничкиот стаж, задачите и работите што приправникот треба да ги запознае за време на траењето на стажот, траењето на стручната обука на приправниците во одделни организациони единици на сојузниот орган на управата и начинот на изведување на обуката, одговорноста на непосредниот старешина за правилно и потполно спроведување на стручната обука и на другите работници кои ќе се грижат за стручната обука на приправниците;

3) органите и самоуправните организации и заедници во кои. во согласност со програмата за стручна обука, одделни приправници задолжително поминуваат еден дел од стажот, ако е тоа неопходно за стекнување на потребна практика;

4) содржината и начинот на водењето на дневникот за стручна обука на приправникот и остварувањето увид во девникот и заверување на дневникот за стручна обука;

5) начинот на испитувањето на приправникот заради проверување дали и колку приправникот е подготвен за полагање на стручниот испит и давањето помош на приправникот заради совладување на градивото за стручниот испит;

6) начинот на утврдувањето на распоредот и определувањето на роковите и времето за полагање на стручните испити;

7) постапката за давање задачи на кандидатите непосредно пред почетокот на писмениот дел од стручниот испит, пристапувањето кон изработка на писмената задача на испитот, како и критериумите за определување на времето во кое работата треба да биде завршена и предадена на испитната комисија ако на кандидатот му се дава изработка на практична работа;

8) должината на времето потребно за изработка на писмената задача на стручниот испит и други прашања во врска со полгањето на писмениот дел од испитот;

9) критериумите за определување на начинот на усното испитување на испитот, присуствувањето на членовите на испитната комисија на усниот испит и траењето на усниот испит;

10) начинот на соопштувањето на кандидатот рокот определен за полагање на поправен испит и други прашања во врска со полагањето на стручниот испит;

11) условите под кои работникот, кој не го положил стручниот испит, односно дополнителниот испит, може по исклучок да се ослободи од обврската за полагање на испитот (член 37 став 3);

12) во кои случаи е задолжително проверување на стручното знаење на работникот, начинот на проверувањето, како и други прашања во врска со проверувањето на стручното знаење на работникот и со упатување на работникот на дополнително стручно оспособување;

13) формите и методите кои се применуваат во поглед на стручното усовршување на работникот во сојузниот орган на управата за вршење на определени задачи и работи на органот и начинот на организирањето на тие форми и методи, како и правата и должностите на работникот во врска со стручното усовршување;

14) начинот и условите на организирано оспособување на работникот за користење на јазиците и писмата на народите и народностите на Југославија во работата на сојузниот орган на управата;

15) случаите во кои работник на сојузниот орган на управата може да се упатува на специјализација, проучување на определени прашања преку дополнителни студии или практична работа во други органи и определени организации, како и меѓусебните права и должности на работникот и на сојузниот орган на управата што се уредуваат со договорот за упатување на стручно усовршување (член 47);

16) условите под кои може да се одобри исплата на дел од трошоците за школување на работникот на сојузниот орган на управата кој посетува последипломски студии на факултет и највисокиот износ на делот на трошоците од вкупните трошоци на школувањето, до кој може да се одобри таа исплата, како и во кои случаи за тоа мора да се склучи договор со работникот и кои меѓусебни права и обврски се утврдуваат со тој договор (член 48);

Член 52

Се овластува сојузниот секретар за правосудство и организација на сојузната управа да донесе прописи за образецот и содржината на пријавата за полагање на стручниот испит и на дополнителниот испит, на записникот на испитните комисии за текот на полагањето на стручниот испит и на уверенијата за положените испити, како и за евиденцијата што ја водат сојузните органи на управата за лицата што полагале стручен испит.

Член 53

Со прописи за стручната подготовка и стручното образование што ги донесува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата поблиску се утврдуваат содржината на програмата за стручно образование на работниците во органот, начинот на програмирањето на стручното образование, како и други прашања во врска со тоа програмирање.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 54

Работниците што положиле стручен испит според прописите што важеле за работниците во сојузните органи на управата, или биле ослободени од полагање на стручен испит, не се должни да полагаат стручен испит.

Член 55

Работниците што на денот на влегувањето во сила на Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата се затекнале на работа во сојузните органи на управата, сојузните организации и во службите на Сојузниот извршен совет, а кои немаат

положен стручен испит, односно дополнителен испит за задачите и работите што ги вршат се должни тој испит да го положат во рокот определен согласно со член 421 на тој закон.

Член 56

Стручната оспособеност на работниците за вршење на задачите и работите на кои се затекнале на денот на влегувањето во сила на Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата, а за чие вршење немаат потребна школска подготовка, ја утврдува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата во кој е вработен, работникот по прибавено мислење од посебна комисија.

Комисијата за оцена на стручната оспособеност на работниците од став 1 на овој член ја формира функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата, по прибавено мислење од работната заедница.

Членовите на комисијата мораат да имаат најмалку степен на стручна подготовка кој со општиот акт за систематизација е предвиден за извршување на задачите и работите од став 1 на овој член.

Начинот на проверувањето на стручната оспособеност на работниците поблиску го утврдува комисијата, зависно од природата на задачите и работите што работникот ги врши. При проверувањето на стручната оспособеност на работникот комисијата ги зема предвид особено резултатите што работникот ги постигнувал во вршењето на односните работи и самостојноста во работата, како и должината на времето поминато во вршење на тие задачи и работи.

За текот на проверувањето се води записник.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата, по прибавено мислење од комисијата, донесува решение со кое се утврдува дека работникот е стручно оспособен за вршење на соодветните задачи и работи или решение дека работникот во потребната мера не е оспособен за извршување на тие задачи и работи.

Против решението со кое се утврдува дека работникот во потребната мера не е оспособен за вршење на задачите и работите, работникот може во рок од осум дена од денот на неговото доставување да изјави жалба до Сојузниот извршен совет, односно до телото што тој ќе го определи.

Член 57

Функционерите кои раководат со сојузните органи на управата ќе донесат, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на оваа уредба, прописи за стручната подготовка и за стручното образование на работниците.

До рокот од став 1 на овој член сојузниот секретар за правосудство и организација на сојузната управа ќе донесе прописи за образецот и содржината на пријавата за полагање на стручениот испит и на дополнителниот испит, на записникот на испитните комисии и на уверенијата за положените испити како и за евиденцијата што ја водат сојузните органи на управата за лицата што полагале стручен испит.

До донесувањето на прописите од ст. 1 и 2 на овој член, врз стручната подготовка и стручното образование на работниците во сојузните органи на управата ќе се применуваат одредбите од прописите на сојузните органи на управата и од самоуправните општи акти на работните заедници на тие органи и организации што се однесуваат на стручната подготовка и стручното образование на работниците во сојузните органи на управата.

Член 58

Оваа уредба сообразно се применува врз работниците вработени во стручните и во другите служби на Сојузниот извршен совет.

Член 59

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 190
24 април 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

---

**426.**

Врз основа на член 200 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, на предлог од Народната банка на Југославија, сојузниот секретар за финансии издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ НА НАРЕДБАТА ЗА ИСПРАВИТЕ ШТО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И ДРУГИ ДОМАШНИ ПРАВНИ ЛИЦА МОРААТ ДА ГИ ПОДНЕСАТ ЗАРАДИ ДЕВИЗНА КОНТРОЛА ДО НАРОДНИТЕ БАНКИ НА РЕПУБЛИКИТЕ И ДО НАРОДНИТЕ БАНКИ НА АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ И ЗА РОКОВИТЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ТИЕ ИСПРАВИ

1. Во Наредбата за исправите што организациите на здружен труд и други домашни правни лица мораат да ги поднесат заради девизна контрола до народните банки на републиките и до народните банки на автономните покраини и за роковите за поднесување на тие исправи („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/77 и 68/78), точка 13 се менува и гласи:

„13. Организациите што склучиле договор за изведување на инвестициони работи во странство поднесуваат пресметки за работите и извештаи за извршените работи во странство, како и други исправи во согласност со прописите со кои се регулирани работите на изведувањето на инвестиционите работи во странство."

2. Во точка 16 во ст. 1 и 2 зборовите: „патенти, лиценци и други права на индустриска сопственост" се заменуваат со зборовите: „материјално право на технологија и склучени и пријавени договори за деловно-техничка соработка".

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-592/2
29 април 1980 година
Белград

Сојузен
секретар за финансии,
инж. **Петар Костиќ**, с.р.

**427.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „L'EXPRESS“

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на списанието „L'Express“ број 1501 од 19 април 1980 година, што излегува на француски јазик во Париз Франција.

Бр. 650-1-5/549
29 април 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

**428.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „PARIS MATCH“

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на списанието „Paris Match“ број 1611 од 11 април 1980 година, што излегува на француски јазик во Париз, Франција.

Бр. 650-1-5/550
29 април 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

**429.**

Врз основа на член 11 став 5 од Законот за заштита на животните од заразни болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ“, бр. 43/76), Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА МЕРКИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ, ОТСТРАНУВАЊЕ И ИСКОРЕНУВАЊЕ НА ИНФЕКТИВНАТА АНЕМИЈА КАЈ КОПИТАРИТЕ

Член 1

Заради спречување, отстранување и искоренување на инфективната анемија кај копитарите, се применуваат мерките предвидени со овој правилник.

Член 2

